Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва и членовите 28 и 31 од Статутот на Мермерен Комбинат АД Прилеп (во понатамошниот текст само “Друштвото”), Главниот Извршен Директор на

**Мермерен Комбинат АД Прилеп**
**до акционерите на Друштвото објавува:**

# ПОВИК
## За учество на редовно Годишно Собрание на Друштвото

**Годишното Собрание** на Мермерен Комбинат АД Прилеп, **ќе се одржи на ден 24 мај 2013 година (петок), со почеток во 10:00 часот**, во седиштето на Друштвото на ул. Крушевски пат бб во Прилеп, со следниот:

ДНЕВЕН РЕД

**А. Процедурален дел:**

1. Избор на преседавач со Собранието;
2. Верификација на список на пријавените акционери и констатирање на кворумот за работа;
3. Усвојување на записникот од претходната седница од Собранието на Друштвото;
4. Усвојување на дневниот ред.

**Б. Работен дел:**

1. Финансиски извештаи и извештај на независните ревизори за 2012 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на извештајот;
2. Годишна сметка на Друштвото за периодот 01 јануари до 31 декември 2012 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка;
3. Извештајот за работа на Одборот на директори на Друштвото во 2012 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на извештајот;
4. Годишен извештај за работењето на Службата за Внатрешна Ревизија во 2012 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот извештај;
5. Предлог-Одлука за распределување на добивката за 2012 година;
6. Предлог-Одлука за именување друштво за ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2013 година;
7. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Статутот на Мермерен Комбинат АД Прилеп.

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието (**пријава за учество на Собранието**) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават до Друштвото – Правна служба.

**Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.**

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото http://mermeren.com/.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна до 11 мај 2013 година (сабота) до 16:00 часот, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото http://mermeren.com/.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во правната служба на Друштвото и на интернет страницата на Друштвото http://mermeren.com/.

**Главен Извршен Директор**